РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МЕЃУНАРОДЕН УНИВЕРЗИТЕТ ВО СТРУГА
UNIVERZITETI NDËRKOMBËTAR NË STRUGË
Бр.Nr 02-434/1
30.09. 2022 г.v.
СТРУГА-STRUGË

Архивски знак / Shenja Arkivore 0206
Рок на чување / Afati i ruajtjes 3г.
30.09.22 г.ж. Потпис/Nënshkrim

# З А П И С Н И К

## ОД СЕДНИЦАТА НА ОДБОРОТ ЗА СОРАБОТКА И ДОВЕРБА СО ЈАВНОСТА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ ПРИ МУС

Седницата на Одборот за соработка и доверба со јавноста на Факултетот за Правни науки, се одржа на 30.09.2022 во 14:00 часот во просториите на Меѓународниот Универзитет во Струга.

На седницата присуствуваа членовите на Одборот за соработка и доверба со јавноста на Факултетот за Правни науки и тоа: Проф. д-р Шемсије Демири – претставник на Меѓународниот Универзитет во Струга; Башким Подгорца – претставник од Општина Струга и претставниците од деловната заедница: Бледар Зиба, Шериф Салкоски, Ибраим Исламоски, Виган Билали и Висар Садику.

Откако беше констатирано дека на седницата присуствуваат сите членови на Советот, Претседателот на Советот го прочита следниот

### Дневен ред

1. Усвојување на записникот од претходната седница на Советот за квалитет.
2. Разгледување на Елаборатите за акредитација на студиските програми по „Криминалистика и детективи“ од прв и втор циклус на студии на Факултетот за Правни науки во рамките на МУС .

Предложениот дневен ред беше едногласно усвоен.

**Точка 1**

Претседателот на Одборот за соработка и доверба со јавноста на Факултетот за Правни науки, Проф. д-р Шемсије Демири, истакна дека Записникот од претходната седница на Советот, заедно со материјалите за оваа седница, навремено беа доставени до членовите да се изјаснат дали имаат евентуални забелешки на предложениот Записник. Бидејќи немаше забелешки на Записникот, неговото усвојување беше ставено на гласање.

Записникот од претходната седница на Одборот беше едногласно усвоен од страна на членовите на истиот.

**Точка 2**

Во однос на втората точка членовите на Одборот за соработка и доверба со јавноста во рамките на Факултетот за Правни науки, ги разгледаа студиските програми по „Криминалистика и детективи" од прв и втор циклус на студии, застапени на Факултетот за Правни науки при МУС и дадоа соодветно мислење за истите.

Записникот го водеше

М-р Ђелза Лена

Струга, 30.09.2022

Факултет за Правни науки
Одбор за соработка и доверба со јавноста
ПРЕТСЕДАТЕЛ

Проф. д-р Шемсије Демири

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
МЕЃУНАРОДЕН УНИВЕРЗИТЕТ ВО СТРУГА
UNIVERZITETI NDËRKOMBETAR NE STRUGË
Бр.Nr. 02 - 434/2
30.09. 20 22 г.v.
СТРУГА-STRUGË

Архивски знак / Shenja Arkivore 0206
Рок на чување / Afati i ruajtjes 35
30.09.22 г./v.

Врз основа на член 122 од Законот за високото образование на Р. Северна Македонија (Сл. Весник на РМ бр. 82/18) и член 3 од Правилникот за поблиските критериуми и надлежности на Одборите за соработка и доверба со јавноста (Сл. Весник на РМ бр. 148/2013), Одборот за соработка и доверба со јавноста на Факултетот за Правни науки при Меѓународниот Универзитет во Струга, на седницата одржана на 30.09.2022 го донесе следното

# МИСЛЕЊЕ

Студиската програма по „Криминалистика и детективи" од втор циклус на академски студии – постдипломски студии (60 ЕКТС) на Факултетот за Правни науки при Меѓународниот Универзитет во Струга има општествена оправданост за акредитација поради тоа што Струшкиот регион во кој е лоциран Факултетот за Правни науки е од посебно геостратешко значење за Југозападниот плански регион, од аспект на поврзаноста на овој регион со соседна Р. Албанија преку копнен и воден пат, како и можноста за движење на различни криминални групи во пограничниот појас. Имено, близината и поврзаноста на градот Струга со соседна Р. Албанија преку граничниот премин „Ќафасан", несомнено ја налага потребата од дополнителен стручен кадар од областа на Криминалистиката и детективството во борбата со организираниот криминал и спречувањето на истиот. Освен тоа, фактот дека градот Струга е познат туристички центар во Р. Северна Македонија, дополнително укажува на потребата од соодветен стручен кадар кој ќе се грижи за сигурноста и безбедноста на туристите во текот на туристичките сезони. Сметаме дека акредитацијата на студиската програма од втор циклус на академски студии по „Криминалистика и детективи" уште повеќе ќе придонесе за зголемување на бројот и квалитетот на стручните кадри потребни за поддршка и унапредување на сигурноста и безбедноста на регионот.

Поради сето ова, Одборот за соработка и доверба со јавноста, формиран на Факултетот за Правни науки при МУС, дава **позитивна ПРЕПОРАКА** за акредитација на студиската програма по „Криминалистика и детективи" од втор циклус на академски студии – постдипломски студии (60 ЕКТС) на Факултетот за Правни науки при МУС и нејзино проследување до Сенатот на МУС, Агенцијата за квалитет во високото образование и Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија.

Струга, 30.09.2022

Факултет за Правни Науки
Одбор за соработка и доверба со јавноста
ПРЕТСЕДАТЕЛ

Доц. Д-р Шемсије Демири

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
МЕЃУНАРОДЕН УНИВЕРЗИТЕТ ВО СТРУГА
UNIVERZITETI NDËRKOMBËTAR NË STRUGË
Бр.Nr 02 - 434/2
30.09. 20 22 г.v.
СТРУГА-STRUGË

Архивски знак / Shenja Arkivore 0206
Рок на чување / Afati i ruajtjes 3г
30.09.22 г./v. Потпис/Nënshkrim

Врз основа на член 122 од Законот за високото образование на Р. Северна Македонија (Сл. Весник на РМ бр. 82/18) и член 3 од Правилникот за поблиските критериуми и надлежности на Одборите за соработка и доверба со јавноста (Сл. Весник на РМ бр. 148/2013), Одборот за соработка и доверба со јавноста на Факултетот за Правни науки при Меѓународниот Универзитет во Струга, на седницата одржана на 30.09.2022 го донесе следното

# МИСЛЕЊЕ

Студиската програма по „Криминалистика и детективи" од прв циклус на академски студии – додипломски студии (240 ЕКТС) на Факултетот за Правни науки при Меѓународниот Универзитет во Струга има општествена оправданост за акредитација поради тоа што Струшкиот регион во кој е лоциран Факултетот за Правни науки е од посебно геостратешко значење за Југозападниот плански регион, од аспект на поврз.аноста на овој регион со соседна Р. Албанија преку копнен и воден пат, како и можноста за движење на различни криминални групи во пограничниот појас. Имено, близината и поврзаноста на градот Струга со соседна Р. Албанија преку граничниот премин „Ќафасан", несомнено ја налага потребата од дополнителен стручен кадар од областа на Криминалистиката и детективството во борбата со организираниот криминал и спречувањето на истиот. Освен тоа, фактот дека градот Струга е познат туристички центар во Р. Северна Македонија, дополнително укажува на потребата од соодветен стручен кадар кој ќе се грижи за сигурноста и безбедноста на туристите во текот на туристичките сезони. Сметаме дека акредитацијата на студиската програма од прв циклус на академски студии по "Криминалистика и детективи" уште повеќе ќе придонесе за зголемување на бројот и квалитетот на стручните кадри потребни за поддршка и унапредување на сигурноста и безбедноста на регионот.

Поради сето ова, Одборот за соработка и доверба со јавноста, формиран на Факултетот за Правни науки при МУС, дава **позитивна ПРЕПОРАКА** за акредитација на студиската програма по „Криминалистика и детективи" од прв циклус на академски студии – додипломски студии (240 ЕКТС) на Факултетот за Правни науки при МУС и нејзино проследување до Сенатот на МУС и Агенцијата за квалитет во високото образование и Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија.

Струга, 30.09.2022

Факултет за Правни Науки
Одбор за соработка и доверба со јавноста
ПРЕТСЕДАТЕЛ

Доц. Д-р Шемсије Демири